# Мониторинг бриф за месец мај 2016 година од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

## Владеење на правото и правна сигурност

### Уставен суд
### - Времена мерка

На 25.05.2016 година, без дискусија, сите деветмина судии од Уставниот суд на Република Македонија, се согласија да ја поништат одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, за одржување на предвремените парламентарни избори кои беа закажани за 5 јуни, така што Судот донесе одлука со која се поништи претходната одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија.[1]

Со оваа одлука на Уставниот суд, престана да важи времената мерка изречена од истиот суд, за запирање на сите активности произлезени од собраниската одлука, при што стапување на сила на оваа конечна одлука на Судот означи поништување на сите правни последици предизвикани од распуштањето на Собранието, а кои во пракса се однесуваа најмногу на работата на Државната изборна комисија (ДИК) и изборната кампања.[2] Со соопштението на Судот, каде што беше наведено дека: „Се поништува одлуката за распуштање на Собранието од 18.01.2016 и одлуката за измена на одлуката за распуштање на Собранието од 23.02.2016. Оваа одлука на Судот произведува правно дејство со објавувањето во Службен весник", се заокружи она што беше актуелно за случувањата поврзани со Уставниот суд, особено затоа што на претходната седница Судот едногласно одлучи да поведе постапка по иницијативата на пратеникот од политичката партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) Талат Џафери, кој ја оспори уставноста на собраниската одлука за самораспуштање.

Двете најголеми парламентарни партии реагираа различно на оваа одлука на Уставниот суд. Така, од опозициската партија СДСМ, истакнаа дека[3]: „Денешната одлука на Уставниот суд го потврдува хаосот во редовите на ВМРО-ДПМНЕ што се пренесува и на послушничките институции. Пред три месеци, на 18 февруари Уставниот суд се прогласи за ненадлежен да одлучи за уставноста на одлуката за распуштање на Собранието со одложено дејство. Денес, Уставниот суд донесе сосема спротивна одлука. Како што Груевски ги менува ставовите, така се менуваат и ставовите на Уставниот суд. Прво пратениците на власта гласаат за одлуки за одложено распуштање на Собранието, па ако некој друг им ги оспори одлуките Уставниот суд се прогласува за ненадлежен. Потоа самите претставници на власта кои гласале за таквата одлука си ја оспоруваат како неуставна, а Уставниот суд одеднаш се

[1] http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf
[2] http://24vesti.mk/ustaven-odluchi-se-ponishtuva-odlukata-na-sobranieto-za-samoraspushtanje
[3] Соопштение на СДСМ за одлуката на Уставниот суд http://www.sdsm.org.mk/News.aspx?idNews=1716&lng=1&cat=0

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

просветлува и сфаќа дека е надлежен и ја поништува таа одлука. На сите им е јасно дека зад одлуките на Уставен суд стои Никола Груевски. Сè додека незаконски дадените аболиции произведуваат правно дејство и ја спречуваат правдата, земјата е во политичка, но и во уставна криза“. Додека, од страна на пратеничката група на владејачката ВМРО-ДПМНЕ[4], беше посочено дека: „Одлуката на Уставниот суд, ние како политичка партија ќе ја почитуваме. Сметаме дека не е во насока на размислувањата на нашата партија и во насока на нашето дејствување, меѓутоа, Уставниот суд е институција што треба да биде почитувана во оваа држава и ние како таква ќе ја почитуваме“.

**Одлуки за поништување на одлуките за аболиција на Претседателот на државата**

На 27.05.2016 година, Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов ги повлече одлуките за аболиција на 22 лица или „политички експонирани личности“ – осомничени сторители на кривични дела, за кои се поднесени кривични пријави и поведени кривични постапки, повеќето од нив водени од Специјалното јавно обвинителство. Имајќи го предвид отсуството на правна основа за повлекувањето на некои од одлуките за аболиција и со тоа засновањето на делумна аболиција, Претседателот Иванов придонесе кон продлабочување на политичката криза во македонското општество, но и кон продолжување на трендот на селективна правда во македонското правосудство.

Политичката калкулација зад овој чекор на Претседателот Иванов, е очигледна со оглед на претходното потпишување на Законот за измена на законот за помилување од негова страна, а претходно изгласан во Собранието на Република Македонија, од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Со измените на Законот за помилување, Претседателот Иванов добива правна можност да ги повлече веќе донесените решенија за аболирање по сопствено убедување или на барање на лицата што се помилувани.

Ценејќи дека одлуката за поништување на помилувањата треба да се спроведе за сите лица, а не едни да бидат опфатени, а други не, од страна на Специјалното јавно обвинителство немаше посебна реакција во врска со овој чекор на Претседателот Иванов, но една од специјалните јавни обвинителки, Ленче Ристоска изјави: „Наш став е дека не постои оправдување за селективен пристап кога станува збор за реализација на владеењето на правото и спроведувањето на правдата“.

Во врска со одлуката за делумното повлекување на одлуките за аболиција, реагираше и меѓународната заедница, при што еврокомесарот Јоханес Хан на „Твитер“ се огласи и истакна дека: „Одлуката на претседателот Иванов за поништување помилување на само мал број на луѓе, не е доволна. Како што е наведено во неколку наврати од страна

[4] Реакцијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ можете да ја прочитате на следниот линк: http://www.slobodnaevropa.mk/a/27757020.html

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

на ЕУ, сеопфатно решение е клучна за да се избегне селективна правда“.[5] Исто така, и евроамбасадорот Аиво Орав, со акцент на корупцијата и селективната правда, посочи дека: „Ако една земја сака да остане демократски и модерна, да се развива економски од клучно значење е справување со корупцијата особено во високите нивоа. Сведоци сме на единствена исклучителна политичка конфузија со одлуките кои се носат во последно време. Оваа конфузија за жал продолжува и понатаму. Европската унија јасно изјави дека селективната правда и помилувањата не се прифатливи. ЕУ заедно со другите меѓународни фактори ја нагласува важноста на СЈО и улогата на правосудството“.[6]

Движењето „Протестирам“ и „Шарена револуција“ со ставот – „Не запираме! Парцијално повлекување на аболицијата не прифаќаме! Половична правда е неправда! Нема да запреме додека не се повлече аболицијата целосно. Не неколку, туку сите треба да бидат предмет на истрага. Чекориме по улицата за сите кои се сомничат за криминал да бидат изведени пред суд. Претседателот си поигрува со нас, но уште повеќе се поигрува со правдата. Протестирам за да не го дозволам ова поигрување!“[7] – ги продолжија протестите, а на 27. 05. 2016 протестот се одржа под мотото „Селективна правда е неправда“.

**Судство**

**Судски совет на Република Македонија[8]**

Во овој временски период Судскиот совет на Република Македонија одржа две седници.

На седницата одржана на 13 мај ССРМ ги разгледа и усвои извештаите за работата на судовите во Република Македонија за првиот квартал за 2016 година и тоа за: Врховен суд на Република Македонија, Виш управен суд, Управен суд, апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Битола, апелационо подрачје Гостивар и апелационо подрачје Штип.

На седницата одржана на 31 мај 2016 се усвои Прирачникот за комуникација на судовите со јавноста во кој меѓу другото се даваат насоки за поголема транспарентност и отчетност на судовите, како спрема странките така и внатрешно.

Потоа, предложени се два члена и заменици на Дисциплинската комисија на Комората на извршители на Република Македонија од редот на судиите во Република Македонија и тоа Владимир Панчевски и Убер Хасани, а заменици се Сандра Крстиќ и Виолета Арнаудова.

---

[5] http://www.plusinfo.mk/vest/72429/han-potrebno-e-seopfatno-reshenie-za-abolicijata-za-da-se-izbegne-selektivna-pravda
[6] http://lokalno.mk/orav-abolicijata-mora-bide-povlechena/
[7] http://www.plusinfo.com.mk/vest/72417/selektivna-pravda-e-nepravda-poracuvaat-demontrantite
[8] Набљудувањето на Судскиот совет на Република Македонија е редовна активност на Институтот за човекови права

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Донесена е одлука за објавување на Оглас за избор на претседатели и тоа во:Апелационен суд Гостивар, Основен суд Кратово, Основен суд Виница, поради завршување на нивниот мандат.

Донесена е одлука за формирање на Комисии за постапување по поднесени барања за повторување на постапка.

На оваа седница донесена е и Одлука за времено упатување за вршење на судиска функција на:

• судија Марија Скалова од Основен суд Куманово во Основен суд Скопје 2 Скопје, најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето.

• судија Мирослав Георгиевски од Основен суд Куманово во Основен суд Кратово, најдолго за период од 1 година од денот на упатувањето.

Усвојувањето на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места во Судскиот совет на Република Македонија по втор пат се одлага поради тоа што некои членови на ССРМ не го имаа проучено доставениот материјал.

Во врска со штрајкот на судските службеници, Претседател на Судскиот совет на Република Македонија, воедно и Претседател на Судскиот буџетски совет преку соопштение за јавност изјави дека не ги прифаќа паушалните синдикални муабети кои звучат клеветнички објавени во соопштението од Синдикатот на УПОЗ со кое се дава лажна слика за преземените дејствија од негова страна. Повеќе во врска со штрајкот на судските службеници може да се најде на веб страната на Институтот за човекови права[9].

**Судски постапки[10]**

1. Предмет – “Пуч”.

Расправата која требаше да се одржи на ден 03.05.2016г. во 10 часот не се одржа бидејќи постапката е прекината согласно одлуката за аболиција на претседателот.

2. Предмет – “Ровер”

Расправата на ден 09.05.2016 година не се одржа со оглед на фактот дека не беа исполнети законските претпоставки за одржување на истата, односно не беше присутен еден од обвинетите за кој бранителот достави медицинска документација во која се наведени причините поради кои не е во можност да присуствува на денешната расправа. Судот расправата ја одложи за 20.05.2016 година во 12.30 часот.

[9]Реакција на ИЧП во врска со штрајкот на судските службеници www.ihr.org.mk
[10] Набљудувањето на судските постапки го вршат Коалицијата Сите за правично судење и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

Расправата на ден 20.05.2016 година повторно не се одржа поради тоа што не беа исполнети законските претпоставки за одржување на истата, односно не беа присутни тројца бранители од обвинетите, од кои едниот бил уредно известен, а својот изостанок не го оправдал, другиот бранител усно го известил судот дека нема да биде во можност да присуствува од здравствени причини за што дополнително ќе доставел медицинска документација до Судот, а третиот е службено отсутен и е надвор од Р. Македонија за што во прилог на Судот му доставил докази. Судот расправата ја одложи за 04.07.2016 година во 10.30 часот.

3. Предмет – “Диво Населе”

Во текот на месец мај беа закажани расправи за 11.05.2016, 19.05.2016, 23.05.2016, 27.05.2016 и за 31.05.2016 година.

Поради неможноста за обезбедување на доволно голема судница за сите присутни во Основниот суд Скопје 1 Скопје, од Претседателката на Врховниот суд на Република Македонија било побарано користење на салата на Врховниот суд за одржување на закажаните расправи. Престедателката на Врховниот суд не го одобри користењето на салата со образложение дека истата е од свечен карактер и не е опремена да функционира како судница, како и дека ќе се загрози безбедноста и редовното функционирање на Судот[11]. По ваквата реакција, Основниот суд Скопје 1 Скопје барал одобрение за користење на истата сала од Владата на Република Македонија, која донела позитивна одлука за времено користење на салата од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје во период од шест месеци[12].

Сепак, ниту расправата на ден 31.05.2016 не се одржа и не беше дозволен влез во судот на јавноста и на адвокатите на обвинетите, поради процедурален пропуст во врска со надлежноста на судовите околу тоа кој треба да го организира судењето (судот кој го води предметот или судот кој ја овозможува просторијата каде се одвива судењето). Основниот суд Скопје 1 Скопје извести дека од нивна страна биле обезбедени сите услови за одржување на судењето[13], додека Врховниот суд извести дека нема никаква надлежност во однос на организацијата на ова судење, кое се одложи за 06.06.2016година во 10 часот.

[11] Целосното образложение на Претседателката на Врховниот суд можете да го прочитате на следниот линк: http://novatv.mk/lidija-nedelkova-ne-dozvoluva-sudene-na-divo-nasele-vo-vrhoven-sud/
[12] Известувањето од Основен суд Скопје 1 Скопје за одлуката на Владата на Република Македонија може да ја прочитате на http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx
[13] Соопштение до јавноста од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

**Темелни права**

**Слобода на изразување и плурализам во медиумите**

Во заклучоците на Извештај од следењето на медиумските содржини преку Механизмот за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии за политичкиот плурализам во медиумите, во периодот од 16 април до 7 мај 2016 година[14] се опфатени протестите и нивното медиумско покривање, потенцирајќи дека главна комуникациска стратегија на владејачката ВМРО-ДПМНЕ е насочена кон замолчување, делегитимирање и демонизирање на критичките гласови, а со цел да се намали мобилизацијата на граѓаните кои чествуваат во Шарената револуција.

„Најрелевантната тема во медиумското известување во втората половина на април и почетокот на мај беа протестите на граѓанското движење „Протестирам“. Начинот на кој провладините телевизии известуваа за протестите го потврдува феноменот што во теоријата е познат како „протестна парадигма“ комуникации имаат утврдено дека известувањето на медиумите за различни социјални протести е често насочено кон дискредитирање и маргинализирање на протестните дејствија или пак кон промовирање и фаворизирање на едната страна односно демонизирање и деградирање на другата страна во социјалниот конфликт социјалните протести се насочени кон промена на општествените услови, норми и политики толку понегативно тие ќе бидат претставени од медиумите. Ова е особено засилено во системи во кои медиумите се под силна политичко - идеолошка контрола.“
Прекршувајќи ги Законот за аудио и аудио - визуелни услуги, како и етичките стандарди во медиумското работење, телевизиите со провладина ориентација (Сител, Алфа, Канал 5 и ТВ Нова), во врска со движењето „Протестирам“ и протестите од шарената револуција, упорно и синхронизирано ја повторуваа фразата „хулиганите на СДСМ и на СОРОС“, со цел да се дезинформира јавноста и да се насочи претставата за протестите кон тоа дека истите се организирани од политичката опозициска парија СДСМ, иако тоа не е точната информација во врска со поддржувањето на протестите од страна на СДСМ. Од друга страна, истата медиумска мрежа, контрапротестите на движењето ГДОМ ги означуваше и именуваше „граѓански“ и собири на „народот“, игнорирајќи го тоа што во овие собири имаше многу помалку спонтаност, со оглед на организираниот превоз од различни градови.

**Право на собирање**

Протестите кои започнаа со секојдневно одржување, по соопштувањето на одлуката за аболиција на 56 лица од страна на Претседателот на Републиката, продолжија и во текот на месецот мај. И покрај отсуството на употреба на сила, сепак беше забележително големо присуство на полициски службеници со целосна опрема и нивно

[14] Во извештајот се анализирани 11 програми на вести и 38 изданија на 11 различни актуелно-информативни емисии на јавниот сервис (МТВ1 и МТВ2) и на 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 вести и ТВ21). http://respublica.edu.mk/5-mesecen-izvestaj

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

распоредување во полициски кордони кои го попречуваа правото на слобода на движење на граѓаните кои протестираа.
И покрај одржување на мирниот амбиент за време на протестите, сепак од страна на Министерството за внатрешни работи беа забележани тенденциозни практики, како на пример неовластено снимање на граѓаните кои протестираат, но и повикување на информативни разговори на дел од нив.

**Однос кон социјално ранливите лица и принципот на недискриминација**

**Дискриминација врз слепите лица од страна на банките**

Хелсиншкиот комитет, заедно со членките на Мрежата за заштита од дискриминација, Националниот сојуз на слепите на Република Македонија и Националниот сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, имаа поднесено претставка (24.10.2013) до Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД), за која КЗД донесе мислење, со која се утврдува директна и продолжена дискриминација врз основа на телесна попреченост врз слепите лица од страна на банките во Република Македонија.

Нееднаквиот третман се однесува на користењето на банкарски услуги и производи за кои е неопходен потпис на корисникот при што банките не го признаваат потписот од слепите лица, не дозволуваат користење на факсимил и ги принудуваат да ополномоштат трето лице кое би потпишувало во нивно име и за нивна сметка. Слепите лица се соочуваат со проблеми и при користењето на електронско банкарство поради внатрешните прописи на банките (употреба на токени, кодови и слични сигурносни алатки кои слепите лица не се во состојба да ги користат). Дополнително, банките не обезбедуваат употреба на асистивна технологија, како што е на пример говорниот банкомат, браевиот печатач, софтверските решенија за пристапност до електронски услуги итн.

Оттука, во образложението на одлуката, КЗД препорачува банките да не бараат ополномоштено лице да делува во име на слепите и лицата со оштетен вид и да создадат услови за личен потпис и факсимил. Исто така, КЗД препорачува секоја банка да направи разумно прилагодување на специфичните потреби на овие лица, како во своите експозитури, така и на интернет. Во однос на контролата на работењето на банките, КЗД дава препорака кон Народната банка на Република Македонија, како одговорна институција за супервизија на работењето на банките, да ја засили контролата во остварувањето на еднаков пристап до услугите и производите на банките од страна на слепите лица и лицата со оштетен вид.

Досега подготвеност за промена на ваквиот нееднаков третман покажа единствено Комерцијална банка АД Скопје, која ги промени своите внатрешни прописи и овозможи приемот и испраќањето на финансиските средства и користењето на останатите услуги, слепите и лицата со оштетен вид, да го вршат самостојно, директно

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

и со помош од страна на банкарските службеници, без притоа да биде неопходно присуство на полномошник. За оваа цел, банката обучи вработени лица кои веќе постапуваат во делот на електронското банкарство, отворање на тековни сметки и отворање на сеф. Исто така, банката досега обучи повеќе слепи и лица со оштетен вид за користење на услугите и производите на електронското банкарство (интернет, еапликации итн.). Банката ја прилагоди и постапката за изнајмување на сеф од страна на слепите и лицата со оштетен вид, на начин што сега истите можат да отворат сеф во присуство на двајца банкарски службеници.

**Заштита на лични податоци**

Во текот на месецот мај, со цел да се дискредитираат тековните протести со наводната афера „Платеничка револуција" и тоа преку личности и/или организации кои се активни учесници на истите, некои од медиумите кои се дел од пропагандната мрежа на владејачката ВМРО-ДПМНЕ („Курир", „НетПрес", „Прес24", „Вечер", „Република") објавија имиња и лични примања на повеќе од 60 физички лица, во обид да ги претстави како странски платеници, бидејќи земале плати или хонорари од невладини организации каде што се вработени. Но таквите податоци, особено сумите на нивните плати и хонорари се тајни податоци, приватни и заштитени со закон. Односно, единствената институција каде што на едно место доаѓаат годишните извештаи за расходите на фирмите е Управата за јавни приходи (УЈП), при што овие извештаи не може да бидат извор за медиумските објави на погоре споменатите портали, заради што нужно се раѓа сомнежот дали од оваа државна институција протекуваат личните податоци за граѓаните.[15]

Имајќи предвид дека со овие неовластено стекнати информации од страна на оваа медиумска мрежа се создава деградирачки впечаток за личноста и професионалноста на засегнатите во клеветничкиот прилог „Платеничка револуција", истите водејќи се од членовите 13 и 14 на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда, побараа од редакцијата да се извини, да ги објави испратените демантии во ист обем во кој беше прикажана и оваа клеветничка афера.

.

[15] http://prizma.birn.eu.com/%D0%BC%D0%BA/%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B8/%D0%BB%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BF%D0%B0%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.